GEORGIEVSKI MIROSLAV-MIRO

ILUSTRIRANA BIOGRAFIJA

# ALEKSANDAR MAKEDONSKI



EPIZODA

# MLADI LAVOVI

UREDNIK
ELIZABETA HAXI - STOJANOVA KOSTURSKA

Извидницата која ја испратил Александар во Персија се вратила со интересни вести. Царот Дариј подготвувал неколку стотини илјади свои војници за напад, но на Египет, а не на Македонија




Филип и Александар будно го следат од теснецот Хелеспонд движењето на бројната и моќна персиска војска кон делтата на Нил. Војската успева да добие неколку битки, но трпи и загуби, поради специфичноста на теренот




Атина го следи навлегувањето на Персијците на територијата на Египет.
Таа е во сојуз со воено моќната Теба.
Јужните македонски граници се слабо заштитени поради пренасоченото внимание на кралот Филип.
Оваа ситуација ја користат Атињаните и напаѓаат и освојуваат неколку тесалиски градови




Атињаните се опиени од постигнатиот успех. Не ја чекаат воената помош од Теба, туку ја напаѓаат тврдината од каде што Македонците ги обезбедувале Термопилите. При освојувањето, Атињаните направиле вистински масакр



Веста за освојувањето на Термопилите, кралот Филип ја дознава од својот син Александар. Младиот Александар е револтиран што татко му не возврати подеднакво на нападите на Атињаните




Кралот Филип ги прекинува започнатите подготовки на фалангата и идејата за конструирање на колосалната кула наменета за освојување на малоазиските тврдини. Го прифаќа предлогот на синот




Таткото и синот се движат низ Тесалија и од тамошните тврдини ги избираат младите коњаници. Најголемиот дел од нив се врсници на младиот Александар




Младите коњаници на чие чело биле кралот Филип и неговиот син Александар по три дена од завземањето на тврдината веќе се пред нејзините порти.
Атињаните се изненадени кога ги гледаат малубројните и толку млади војници

